**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-467/3**

**Скопје,07.08.2006 година**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст: МФ - Функции на државата), а кои се прикажани на страна 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии Функции на државата за 2004 година и е издаден извештај на Министерството за финансии – Функции на државата за 2004 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски, Министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

   › Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 15/03/2006 до 29/04/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 08-18336/2 од 31/05/2006 година, а заведени со датум од 07/06/2006 година, и тоа на точката 10.1, на потточката 10.2.2. и на препораката од потточката 10.2.1, при што наодот од точката 10.1. е преформулиран во обелоденување, прифатена е забелешката од препораката од точка 10.2.1, додека не е прифатена забелешката на точката 10.2.2.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.1.1. Исплатени се средства на општините од Буџетот на Република Македонија во помал износ за 7,631 илјади денари, заради неправилна примена на законската регулатива. Имено, според одредбите од член 9 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност се обезбедуваат во висина од 3% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната година, а со примена на критериуми утврдени со Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност. Меѓутоа, при пресметката и исплатите на дотациите од данокот на додадена вредност до единиците на локалната самоуправа во 2005 година како основица за пресметка и за распределба не е земен износот на наплатениот приход од данок на додадена вредност за 2004 година, туку ребалансот на сметката наменета за дотациите по основ на данокот на додадена вредност.

**Препорака:**

Надлежните служби на Министерството за финансии при корегирање на планираните дотации од ДДВ за општините како основа да го користат реализираниот износ од претходната година.

11.1.2. Констатирана е неправилна распределба на средствата исплатени од Буџетот на Република Македонија, во износ од 33.000 илјади денари, наменети за финансирање на политичките партии. Според одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, средствата за финансирање во износ од 30% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат подеднакво на парламентарните и вонпарламентарните политички партии, односно на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на излезените граѓани на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, односно на последните локални избори во единицата на локалната самоуправа. Меѓутоа, во Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, при распределбата се земаат предвид резултатите за освоените гласови на секоја политичка партија на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Во услови кога наведеното упатство не е усогласено со Законот за финансирање на политичките партии, донесено е решение од министерот на Министерството за финансии, за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2005 година за финансирање на политичките партии, според кое како критериум се земени во предвид резултатите од последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, а не резултатите од последните локални избори, од причина што реализацијата на предметното решение е извршено во месец декември 2005 година, а како последни избори претставуваат локалните избори кои беа спроведени во месец мај 2005 година.

**Препорака:**

1. Министерот за финансии да изготви ново Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, кое ќе биде во согласност со Законот за финансирање на политичките партии;
2. Стручните служби да ги задолжат политичките партии на кои неосновано им се исплатени средства од Буџетот на Република Македонија за 2005 година во поголем износ, односно да постапат согласно новото изготвено решение.
3. Министерот за финансии да изготви ново решение за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2005 година за финансирање на политичките партии, со што претходното решение ќе се прогласи за неважечко;

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точка 11.1. финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Министерството за финансии – Функции на државата под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2005 година.

13. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точка 11.1. остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**14. Информација за спроведени препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година:**

Со оглед на тоа што периодот помеѓу извршените ревизии на финансиските извештаи за 2004 и 2005 година е пократок од законски утврдениот рок за преземање на мерки, не беше возможно да се спроведат преземените мерки од страна на органот надлежен за надзор, а во врска со наодите од ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година.

**15. Ревизијата смета за неопходно да укаже на следното:**

Со увид во планираниот буџет за Раздел Министерство за финансии - Функции на државата во вкупен износ од 24,727,022 илјади денари и неговото извршување ( Прилог број 1) констатирано е:

- ✓ За планираните ставки, од сметката наменета за Функција на државата при Министерството за финансии исплатени се средства во вкупен износ од 10,187,180 илјади денари, додека од сметката Буџет на Република Македонија исплатени се средства во вкупен износ од 4,170,513 илјади денари;

- ✓ Со Законот за извршување на буџетот предвидена е законска рамка за реализација на средствата во вкупен износ од 9,839,000 илјади денари кои учествуваат со само 39,79% од планираните ставки од буџетот на Функција на државата во вкупен износ од 24,727,022 илјади денари;

- ✓ Со Законот за извршување на буџетот не се опфатени ставки кои според структурата и вредноста треба да се дефинираат во наведениот закон, и тоа:
    - Трансфери до Фондот за ПИОМ;
    - Трансфери до Агенција за вработување;
    - Дотации од ДДВ;
    - Субвенции за јавни претпријатија;
    - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

Врз основа на изнесеното произлегува дека:

- ✓ Законот за извршување на буџетот опфаќа само 39,79% од планираните ставки од буџетот, така што останатите средства се реализирани врз основа на одлуки од Владата на Република Македонија и од други органи, со што се доведува во прашање објективноста во дефинирање на потребите кои не можеле да се предвидат со Законот за извршување на буџетот, особено имајќи предвид дека повеќе од 60% од планираните ставки не се вклучени во наведениот закон;

- ✓ Реализацијата на планираните ставки е извршена и тоа 70,95% од сметката наменета за Функција на државата и 29,05% од Буџетот на Република Македонија, со што се доведува во прашање целта и функцијата на сметката за Функција на државата.

Имајќи ја предвид наведената состојба, ревизијата е на мислење:

1. Одговорните лица во Министерството за финансии кои учествуваат во предлагање и изготвување на Законот за извршување на Буџетот да го имаат предвид планираниот буџет со цел во наведениот закон да се регулира извршувањето на позначајните ставки од буџетот, со што ќе се овозможи зголемување на законската рамка во извршувањето на планираните средства и намалување на нивното реализирање преку одлуки или заклучоци од Владата на Република Македонија и од други органи;

2. Одговорните лица во Секторот Буџет и фондови и Секторот за трезор да ги реализираат планираните расходи преку сметката за Функција на државата, и тоа од планираните ставки.

**Скопје, 07/08/2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Министерство за финансии**

**Функција на државата**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Приходи** | 3.2. | | |
| Трансфери и донации | 3.2.1. | 10,187,855 | 10,396,610 |
| **Вкупно приходи** | | **10,187,855** | **10,396,610** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3.1. | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.3.1.1. | 11,431 | 74,421 |
| Стоки и услуги | 3.3.1.2. | 179,142 | 310,115 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.3.1.3. | 1,250,569 | 2,159,125 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.3.1.4. | 379,000 | 0 |
| Каматни плаќања | 3.3.1.5. | 1,141,363 | 989,000 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.1.6. | 485,368 | 72,461 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,446,873** | **3,605,122** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.2. | 2,202,566 | 2,377,988 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,202,566** | **2,377,988** |
| **Отплата на главнина** | 3.3.3. | **4,538,416** | **4,413,500** |
| **Вкупно расходи** | | **10,187,855** | **10,396,610** |

Образложенијата дадени на страна од 7 до 16 се составен дел на финансиските извештаи